**ЗАПИСНИК**

Од седма седница на Факултетското студентско собрание на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје одржана на 05.06.2024 г. (среда) во 17:00 на онлајн платформата Zoom.
Претседателот утврди дека на седницата се:

Присутни: Данило Крстовски (претседател), Анастасија Саша Тофоска, Калина Георгиева, Бојана Бурческа, Филип Петровски, Марија Самарџиска, Тијана Тесалоника Шишкоска, Кире Јованов, Магдалена Николовска, Анастасија Кипариз Крстеска, Петар Китанчев, Тамара Кунцулова, Сара Мишева, Лина Рангелова, Ивона Тодорова и Катерина Антовска.
Отсутни: Емилија Протугерова, Филип Стојановски, Димитрија Настески и Лука Стојаноски.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Утврдување на записник од шеста седница на ФСС;
2. Усвојување на дневен ред на седма седница на ФСС;
3. Избор на заменик-претседател на ФСС;
4. Избор на генерален секретар на ФСС;
5. Избор на главен уредник во Студентското списание „Став“;
6. Дополнување и измена на Правилникот за работа на Студентското списание „Став“;
7. Активности и
8. Разно.

**ТОЧКА 1. Утврдување на записник од шестата седница на ФСС**

За оваа точка немаше дискусија и беше едногласно изгласана.

**ТОЧКА 2. Утврдување на дневен ред на седма седница на ФСС**

За оваа точка немаше дискусија и беше едногласно изгласа.

**ТОЧКА 3. Избор на заменик-претседател на ФСС**

По повод оваа точка, претседателот ги извести присутните дека предлогот за кандидат е Кире Јованов, студент на втор циклус студии, кој ги исполнува условите согласно Статут на ФСС да биде предложен и избиран за заменик-претседател на ФСС. По образлагањето на претседателот и запознавањето на кандидатот со присутните, се помина на гласање и истиот беше изгласан со 15 гласа „за“ и 1 „воздржан“. После гласањето, Јованов се заблагодари на поддршката и се заложи за активна работа и раздвижување на соработката и активностите на ФСС.

**ТОЧКА 4. Избор на генерален секретар на ФСС**

По повод оваа точка, претседателот ги извести присутните дека предлогот за кандидат е Бојана Бурческа, студент на прв циклус студии, втора година, која ги исполнува условите согласно Статут на ФСС да биде предложена и избирана за генерален секретар на ФСС. По образлагањето на претседателот и запознавањето на кандидатот со присутните, се помина на гласање и истата беше изгласан со 15 гласа „за“ и 1 „воздржан“. После гласањето, Бурческа се заблагодари на поддршката и се заложи за активна работа и раздвижување на соработката и активностите на ФСС.

**ТОЧКА 5. Избор на главен уредник во Студентско списание „Став“**

Оваа точка ја отвори претседателот и соопшти дека има еден предлог кој доаѓа од заеднички состанок на претставници на ФСС со новоизбраните членови во „Став“. Станува збор за највозрасниот член на уредувачкиот одбор, Магдалена Петровска, трета година – правни студии. Истата беше едногласно изгласана од страна на присутните.

**ТОЧКА 6. Дополнување и измена на Правилникот за работа на Студентското списание „Став“**

Изложени беа недостатоци во правилникот во мандатот. Собранието се сложи за додавање на ст. 3 во чл. 2 кој гласи „Мандатот на членовите и уредникот изнесува една година, со можност за уште еден избор“. Истото беше изгласано едногласно.

**ТОЧКА 7. Активности за преостанатиот период**

По оваа точка, претседателот изложи дека претстои летниот распуст и дека треба да се размислува за активности за новата учебна година. Се разви дискусија од потребата на сертификати при настаните на ФСС, начинот на комуникација со студентите и координаторите на групите. Собранието се сложи дека истите треба да бидат предмет на работење од октомври.

**ТОЧКА 8. Разно**

По повод оваа точка, не се разви дискусија.

По исцрпување на сите точки од дневниот ред, претседателот ја затвори седницата во 18:15.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
Данило Крстовски

________________________